**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Триесеттата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
одржана на 15.3.2021 година

Скопје, март 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Триесеттата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 15.3.2021 година

Седница започна во 12:00 часот, преку апликацијата ZOOM со употреба на интернет комуникација.

Со седницата претседаваше заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваа членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Мира Димишковска, Министерство за правда; Санела Хаџибулиќ, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците; Розика Бојаџиева, Министерство за финансии; Елизабета Тодорова, Министерство за економија; Аднан Селмани, Министерство земјоделство, шумарство и водостопанство; Билјана Трајковска, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Љуљзим Селмани, Министерство за култура; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Северна Македонија Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје.

На седницата не учествуваа претседателката на Советот Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје и членовите: Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт и Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје.

На седницата учествуваа и претставници на Секторот за анализа на политиките и координација/Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Весна Василевска и Даниела Симоновска.

*

*        *

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 29. (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 29.1.2021 година

1. Отворени прашања и препораки од работилниците на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржани на 17 и 23.2.2021 година

2. Јавен повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите

3. Номинирање два члена на Советот за следење на Јавниот повик за избор на членови на Советот

4. Номинирање два члена на Советот, во својство на набљудувачи, во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

5. Номинирање на еден претставник на граѓанскиот сектор во Работната група за следење на напредокот во спроведување на Стратегијата за транспарентост на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021)

6. Разно

*

*   *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 18 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 29. (дописна) седница на Советот, одржана на 29.1.2021 година.

*

*   *

**Точка 1**

Заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска отвори дискусија по однос на отворените прашања и препораки од работилниците на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за измена на Одлуката за формирање на Советот и измена на Деловникот за работа на Советот, но укажа и дека мандатот на членовите на Советот истекува на 3 април 2021 година и се доцни со објавување на Јавен повик за избор на нови членови. Дискусијата се фокусираше на обемот на работа на Советот и потребата од воведување заменици на членовите. Дел од членовите (Гордана Гапиќ-Димитровкса, Ели Чакар) се изјаснија дека не треба да бидат воведени заменици во интерес на ефикасноста и континуитетот во работата на Советот. Елизабета Божиновска го аргументираше ставот за воведување заменици со потребата редовно да бидат застапени интересите на сите сектори од граѓанското општество, а Ана Чоловиќ- Лешоска посочи дека не се очекувало ваква динамика на одржување на седници на Советот, дури и два пати во еден месец. Јане Чаловски предложи да остане постојното решение, но да се направи годишен план и да се утврдат седници на кои ќе се разгледуваат стратешки прашања и на кои ќе биде задолжително присуството на членовите.

На барање на заменичката на претседателката, Сузана Никодијевиќ-Филиповска ја образложи временската рамка за Јавниот повик и постапката за избор на нови членови на Советот, како и времето потребно за владината постапка за донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Советот. Предложи, доколку мнозинството членови се против воведување заменици членови на Советот, Генералниот секретаријат да ја започне постапката за избор на нови членови со објавување на Јавниот повик, за наредната седница на Советот да се подготви Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот, со кој би се уредиле предлозите за Годишен

план за работа, започнување на седниците со извештај за реализирањето заклучоците од претходната седница и случаите во кои може да присуствува замена на членовите, додека пак измената на Одлуката за формирање на Советот да биде предмет на пошироки консултации со граѓанските организации, особено ако се има предвид предлогот Одделението за соработка со невладини организации да биде член со право на глас, што би го изменил балансот на претставниците на граѓанските организации и администрацијата.

Членовите се согласија гласањето за отворените прашања да се изврши електронски на заштитената локација на www.nvosorabotka.gov.mk по завршување на седницата, до 18:00 часот. Резултатите од гласањето да претставуваат насока за измена на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, а Јавниот повик за избор на 16 членови на Советот од редот на граѓанските организации да се објави според постојната Одлука.

По спроведеното електронско гласање, членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор одлучија:

- со 16 гласа „за“ и 2 гласа „против“, името на Советот да се промени во Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.
- со 17 гласа „за“ и 1 глас „против“, член 2 алинеја 1 од Одлуката за формирање на Советот да се измени во „ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество“
- со 18 гласа „за“, член 2 алинеја 4 од Одлуката за формирање на Советот да се измени во „спроведува активности за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство“
- со 17 гласа „за“ и 1 глас „против“, член 2 алинеја 5 од Одлуката за формирање на Советот да се дополни со „преку разгледување на квартални извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата“
- со 17 гласа „за“ и 1 глас „против“,член 2 алинеја 8 од Одлуката за формирање на Советот се дополнува со „врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државна управа“
- со 18 гласа „за“, член 2 алинеја 10 од Одлуката за формирање на Советот да се измени во „разгледува предлози поднесени од организации и зазема ставови по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите“
- со 18 гласа „за“, во член 2 од Одлуката за формирање на Советот да се додаде нова алинеја 12 „номинира претставници на граѓанскиот сектор во советодавни и работни тела“
- со 8 гласа „за“ и 10 гласа „против“ Советот одлучи да не се воведуваат заменици членови
- поради еднаков број на гласови, 9 гласа „за“ и 9 гласа „против“, Советот не зазеде став по прашањето Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да биде претставено со член во Советот со право на глас
- со 13 гласа „за“ и 5 гласа „против“, член 9 став 1 алинеја 2 од Одлуката за формирање на Советот да се измени во „отсуство од 3 последователни седници на Советот“.
- со 18 гласа „за“, во Деловникот за работа на Советот да се уреди Годишен план за работа на Советот
- со 17 гласа „за“ и 1 глас „против“, во Деловникот за работа на Советот да се предвиди Генералниот секретаријат да обезбедува буџет за активности (видливост) на Советот

- со 17 гласа „за“ и 1 глас „против“, во Деловникот за работа на Советот да се предвиди седниците да започнуваат со извештај за реализација на заклучоците од претходната седница.

**Заклучок:**

Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, за наредната седница на Советот, да подготви Предлог-Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со кој ќе се уреди Годишен план за работа на Советот, седници на кои е задолжително присуството на членовите и случаи кога може да присуствуваат заменици, седниците да започнуваат со извештај за реализација на заклучоците од претходната седница и Генералниот секретаријат да обезбедува средства за активности (видливост) на Советот.

**Точка 2**

Согласно дискусијата од првата точка од дневниот ред, со 17 гласа „за и 1 глас „против“ Советот даде позитивно мислење на текстот на Јавниот повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите и Образецот за пријавување на организации со кандидати.

**Заклучок:**

Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во најкус можен рок, да објави Јавен повик за избор на 16 членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на здруженијата и фондациите.

**Точка 3**

Согласно член 7-а од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, два членови од редот на организациите ја следат постапката за избор на нов состав на Советот. По спроведеното електронско гласање, Советот утврди: 3 гласа за Фани Каранфилова-Пановска, 4 гласа за Сабина Факиќ, 2 гласа за Уранија Пировска, 1 глас за Теодора Столевска, 2 гласа за Зоран Илиески, 1 глас за Марио Јанчев, 1 глас за Наташа Бошкова, 6 гласа за Ирена Цветковиќ, 4 гласа за Елизабета Божиноска, 5 гласа за Лилјана Јоноски, 3 гласа за Јане Чаловски, 2 гласа за Снежана Трпевска и 2 гласа за Ана Чоловиќ Лешоска.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги номинира Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје и Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Кумано, да ја следат постапката за избор на членови на Советот.

**Точка 4**

Согласно член 7 од Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, два членови од редот на организациите учествуваат во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година. По спроведеното електронско гласање, Советот утврди: 1 глас за

Фани Каранфилова-Пановска, 7 гласа за Сабина Факиќ, 4 гласа за Уранија Пировска, 2 гласа за Теодора Столевска, 2 гласа за Зоран Илиески, нема гласови за Марио Јанчев, 2 гласа за Наташа Бошкова, 2 гласа за Ирена Цветковиќ, 5 гласа за Елизабета Божиноска, 4 гласа за Лилјана Јоноски, 3 гласа за Јане Чаловски, 2 гласа за Снежана Трпевска и 3 гласа за Ана Чоловиќ Лешоска.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги номинира Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје и Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, да учествуваат во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, како набљудувачи.

Поради добиено известување за спреченост на Сабина Факиќ, на нејзино место Советот ја номинира Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово.

## Точка 5

На барање на Националниот координатор за одговорно владеење и транспарентност, на на 25.2.2021 година на www.nvosorabotka.gov.mk, објавен е Јавен повик за учество на еден претставник на граѓанскиот сектор во Работната група за следење на напредокот во спроведување на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021). Пристигнати се пет пријави на организации со кандидати, од кои пријавата на Здружението на јавни службеници на Северна Македонија Прилеп не ги исполнува условите од Јавниот повик, односно здружението не е регистрирано најмалку 3 години пред објавувањето на повикот. На барање на заменичката на претседателката, Сања Савовска од Одделението за соработка со невладини организации накусо ги презентираше пријавите на кандидатите, што заедно со придружната документација беа објавени за членовите на Советот на заштитена локација на www.nvosorabotka.gov.mk. По спроведеното електронско гласање, Советот утврд: 3 гласа за Христо Петрески, Фондација за културна и научна афирмација и презентација „Македонија презент“ Скопје; 1 глас за Никола Додов, Здружение за промоција и поттикнување на информатиката "Асоцијација на студенти и информатичари" – Скопје; нема гласови за Емран Исмаил, Здружение на граѓани Ромаверзитас Скопје и 14 гласа за Ќендреса Сулејмани, Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ја номинира Ќендреса Сулејмани од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје за претставник на граѓанскиот сектор во Работната група за следење на напредокот во спроведување на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021).

## Точка 6

Јане Чаловски се осврна на неисплатените обврски на Министерството за култура за проектите избрани на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година и побара објаснување од членот на Советот од ова министерство зошто е стопирана исплатата на уредно завршени проекти и тие поминуваат низ истата постапка пред органите за финансиска контрола. Поради технички причини, Љуљзим Селмани

не беше во можност да се вклучи во расправата на седницата, но се заложи да испрати официјално објаснување од Министерството за култура до Советот на поставеното прашање.

Ана Чоловиќ-Лешоска укажа дека се уште не е добиен одговор од Министерството за култура дали е започната постапка за избор на членови на Комисијата за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион и објаснување за начинот на избор на три претставници на граѓанскиот сектор во Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија. Сабина Факиќ ја потенцираше потребата од транспарентна постапка за избор на претставниците на граѓанскиот сектор во тела на Владата, но оцени дека не треба да биде задолжително Советот да ја спроведува оваа постапка. Уранија Пировска предложи да се подготви Информација до Владата за овие прашања, а Гордана Гапиќ-Димитровска препорача во новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да се предвиди мерка за уредување на транспарентна постапка за избор на претставници на граѓанските организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на управата.

Јане Чаловски побара образложение зошто Предлогот на Закон за култура подолго време не е ставен на дневен ред на седница на Собранието.

Билјана Трајковска информираше дека Министерството за образование и наука на 3.3.2021 година на ЕНЕР го објави Предлогот на Закон за учебници, наставни и дидактички материјали во основно и средно образование, а рокот за доставување коментари е до 31.3.2021 година. Членот 8 од Законот предвидува вклучување на претставник од граѓанскиот сектор во работата на комисиите за одобрување на учебниците, наставните и дидактичките материјали, при што предложено е претставникот на граѓанскиот сектор да биде избиран од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

**Заклучок:**

Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви две писмени обраќања до Министерството за култура во врска со неисплатените обврски на Министерството за култура за проектите избрани на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 година и за постапката за избор на членови од граѓанскиот сектор во Комисијата за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион и начинот на избор на претставниците на граѓанскиот сектор во Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија.

Седницата заврши во 13:45 часот.

Заменичка на Претседателката на Советот за
соработка со и развој на граѓанскиот сектор
Гордана Гапиќ-Димитровска

Подготвила: Даниела Симоновска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска